
КФСМ
СТОП ЗА НАСИЛСТВО
И НЕДОСТОЈНО ОДНЕСУВАЊЕ
НА КОШАРКАРСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

СОДРЖИНА:

Дефиниција______3

Организациска поставеност на натправарувањата при КФСМ______4

Клуб организатор на натпревар______4

Лица вклучени во организација на натпревар______4

Одговорни лица______5

Комесар за безбедност______5

Редари______5

Агенција за обезбедување______6

Службени лица______6

Гостински клуб______7

Мерки кои треба да ги преземат клубовите______8

Мерки при зголемен ризик______8

Должности на клубот организатор______9

Должности на гостинската екипа______10

Министерство за внатрешни работи______11

Прекршочни одредби од Законот за спречување на насилство и

недостојно однесување на спортските натпревари______11

Прекршоци и казни од Пропозициите за натпреварување во Сениорските лиги_____17

Шематски приказ на организација на натпревар______20

**Спречување на насилство и недостојно однесување на кошаркарските натпревари**

Во соработка со МВР, а согласно Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари на РС Македонија, како и актите на КФСМ, ве известувам за следното:

Под насилство и недостојно однесување на спортските натпревари се смета:

- Поседување, или конзумирање на алкохолни пијалаци, или опојни droги, поседување на пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди, или за предизвикување на насилство од страна на лица кои доаѓаат на кошаркарските натпревари, во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржувањето на кошаркарскиот натпревар;
- Внесување и употреба во спортските објекти на алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди, или за предизвикување на насилство;
- Внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак, или други обележја, како и пеење на песни, или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза, или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност, или врз основа на други особини;
- Фрлање предмети на кошаркарскиот терен, или во гледалиштето;
- Палење и фрлање на пиротехнички средства;
- Палење на навивачките реквизити, знамиња на други држави, знамиња на клубови и други предмети;
- Повикување, поттикнување и учествување во тепачка, или физички напад на играчи, гледачи, редари, службени лица, организатори на натпреварот и други учесници на кошаркарските натпревари;
- Физичка пресметка меѓу учесниците на кошаркарските натпревари;
- Недозволено влегување во кошаркарскиот терен од страна на гледачите;
- Оштетување, или уништување на спортскиот инвентар и други делови од спортскиот објект, како и на превозните средства во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржување на кошаркарскиот натпревар;
- Недозволено влегување во делот на гледалиштето на објектот за спорт кој е наменет за противничките навивачи;
- Престојување, или задржување на навивачи во делот на гледалиштето за кое не поседуваат влезница, или пропусница која ја издава организаторот на натпреварот,
- Недозволено влегување на навивачи во објектите кои се во функција на вршење на спортските активности.

Организациска поставеност на натпреварувањата во организација на КФСМ




**Клуб организатор на натпреварот**

Должен е преку своите одговорни лица за спортскиот натпревар да изготват и достават план за обезбедување до Министерството за внатрешни работи најдоцна 48 часа пред почетокот на кошаркарскиот натпревар.

**Лица вклучени во организација за нормален тек на натпревар**

- Одговорно лице,
- Комесар за безбедност,
- Редари,
- Агенција за обезбедување,
- Службени лица.

## Одговорно лице

- Должно е да ги извести веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа пред почетокот на кошаркарскиот натпревар надлежните органи, Министерството за внатрешни натпревари, а по потреба (натпревар од висок ризик) КФСМ, гостинскиот клуб како и кошаркарите кои учествуваат на натпреварот.

## Комесар за безбедност

- Должен е да ја процени можноста за случување на насилство и недостојно однесување на кошаркарскиот натпревар и да преземе соодветни мерки за нивно сузбивање и спречување, пропишани со овој, или со друг закон,
- Должен е да преземе потребни мерки за сузбивање и спречување на насилство и недостојно однесување и да соработуваат со полицијата и другите надлежни органи,
- Должен е да го координира бројот на гледачите на натпреварот и да направи процената за опасност од насилство и недостојно однесување,
- Може да договори со гостинскиот клуб редарските работи помеѓу гледачите на гостинскиот клуб да ги вршат редарите од гостинскиот клуб,
- Должен на кошаркарскиот натпревар да обезбеди доволен број редари.

## Редари

Клубовите организатори на кошаркарските натпревари должни се да обезбедат доволен број редари заради:

- Оневозможување на влез на лице кое не поседува влезница;
- Забранување пристап во објектот во кој се одржува натпреварот на лица кои се под дејство на алкохол или други опојни средства;
- Оневозможување на внесување, или продажба алкохолни пијалаци во спортскиот објект;
- Оневозможување на внесување предмети во спортскиот објект кои можат да се фрлаат, односно можат да се употребат за насилно однесување на кошаркарскиот терен, или гледалиштето;
- Оневозможување на внесување на транспаренти и обележја со кои се поттикнува расна, национална, верска, или друга нетрпеливост;

- Предупредување, односно оддалечување на гледачите кои можат со пеење на песни, или дофрлување на навредливи пораки да предизвикаат и поттикнат омраза врз основа на расна, национална и верска припадност;
- Опоменување, односно оддалечување на гледачите со чие недостојно однесување може да се предизвика насилство на кошаркарскиот натпревар;
- Оневозможување на недозволено влегување на гледачите на кошаркарскиот терен, како и во објектите кои се во функција на вршење на спортските активности;
- Оневозможување на оштетување, или уништување на спортскиот инвентар и други делови од спортскиот објект;
- Оневозможување на недозволено влегување во делот на гледалиштето на спортскиот објект наменет за противничките навивачи;
- Опоменување и оддалечување на навивачите кои престојуваат, или се задржуват во делот на гледалиштето, односно седат на место за кое не поседуваат влезница;
- Оневозможување на било каков облик на насилно и недостојно однесување.
- Се должни да имаат на себе елек со светлоодбојни ленти на кои има натпис „Редар“, кој видливо се разликува од ознаките на припадниците на Министерството за внатрешни работи.

Редарите, претходното го извршуваат со усно укажување, известување и давање насоки на јасен, разбирлив и недвосмислен начин.

## Агенција за обезбедување

- Работниците за приватно обезбедување обврските ги вршат согласно посебен закон,
- За контрола на влез, преглед на гледачи, физичко обезбедување и внатрешно обезбедување на спортскиот објект, организаторот на кошаркарскиот натпревар е должен да ги користи услугите на правните лица кои вршат приватно обезбедување - агенција за обезбедување.

## Службени лица (Кошаркарски судии и делегат)

Делегатот на натпреварот има должност:

- Да ги следи настаните во гледалиштето и во случај на потреба ги известува судиите за благовремено да преземат соодветни мерки,

- Да ги наведе во својот извештај сите забелешки во однос на натпреварот и да даде оцена за организацијата на самиот натпревар,
- Делегатот е должен да го напише своето мислење за сите спорни настани,
- Да поднесе пријава против извршители на прекршоци од потешка природа.

Првиот судија на натпреварот има должност:

- Заедно со делегатот на натпреварот да одлучи за прекин на натпревар и за делумно, или потполно празнење на трибините од публика, во случај на неспортско и вулгарно навивање упатено кон екипите, кошаркарските судии, службените лица и други кошаркарски работници, како и фрлање на тврди предмети на терен со што се загрозува безбедноста на учесниците на натпреварот (по втората опомена упатена по разглас).
- Заедно со делегатот на натпреварот да одлучи за евентуален прекин на натпревар, или негово продолжување во делумно, или потполно испразнета сала во случај на нереди на и вон теренот, како и при обид за физички напад од страна на гледачи врз играчи, службени лица, или меѓу самите гледачи.
- Во овие два случаи, судиите се должни натпреварот да го доиграат по делумно, или потполно празнење на салата, а доколку нема услови за продолжување, натпреварот ќе се одигра во наредните 24 часа без присуство на публика со време и резултат од моментот на прекинот,
- Во случај кога неговото мислење е различно од тоа на делегатот, конечна одлука донесува Првиот судија.
- При остварен физички напад врз службено лице (судија, или делегат), натпреварот се прекинува веднаш, без продолжение, за што одлука носи Првиот судија. Екипата одговорна за прекинот го губи натпреварот со службен резултат.

## Гостински клуб

Гостинскиот клуб кој учествува на кошаркарскиот натпревар должен е:

- Да ја извести КФСМ и клубот организатор на натпреварот за организираното доаѓање на неговите навивачи, најдоцна 72 часа пред почетокот на кошаркарскиот натпревар;
- Да води евиденција за отстапени влезници од организаторот на кошаркарскиот натпревар со податоци содржани во евиденцијата утврдена во член 10 став 1 алинеја 16 од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревар;

- Да преземе и други потребни мерки за неговите навивачи да не бидат причина за предизвикување на насилство и недостојно да се однесуваат на кошаркарскиот натпревар.

## Мерки кои ги преземаат клубовите за да се спречи насилство и недостојно однесување на кошаркарскиот натпревар

Со цел за превентивно дејствување и намалување на ризикот од појавување на насилство и недостојно однесување на кошаркарскиот натпревар, организаторот е должен:

- Да обезбеди примерно однесување на својот клуб и неговите навивачи;
- Да ги информира соодветно своите навивачи (преку состаноци, издавање на билтени и друго);
- Да ги координира активностите на клубовите, при одење со своите навивачи на спортски натпревари, на кои тие клубови и нивните навивачи се гости;
- Да утврди кои спортски натпревари се сметаат за натпревари со зголемен ризик и кои мерки е должен да ги преземе согласно со членовите 4, 8 и 10 од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари;
- Да изготви план за превентивно дејствување и организација на спортски натпревар;
- Да изготви план за евакуација во случај на итност.

## Мерки кои се преземаат на кошаркарскиот натпревар со зголемен ризик

Кошаркарски натпревар со зголемен ризик е:

- Домашен и меѓународен кошаркарски натпревар од поголемо натпреварувачко значење (со пропис ги одредува КФСМ).
- Спортски натпревар на кој се очекува присуство на голем број гледачи, и
- Кошаркарски натпревар на кои се очекува присуство на навивачи на гостински клуб.

Кошаркарски натпревар со зголемен ризик го одредува КФСМ во соработка со клубовите и за нивното одржување се должни најдоцна во рок од 48 часа пред почетокот на кошаркарскиот натпревар да го известат Министерството за внатрешни работи и клубот учесниик на натпреварот.

## Должности на клубот организаторот на кошаркарскиот натпревар со зголемен ризик

- Да одреди одговорно лице (Комесар за безбедност) кое ќе раководи со спроведувањето на мерките за спречување на насилното и недостојно однесување на гледачите и за соработка со Министерството за внатрешни работи,
- Да достави до Министерството за внатрешни работи план за превентивно дејствување и организација на спортскиот натпревар и план за евакуација во случај на итност,
- Да оствари соработка со преставникот на клубот на навивачите заради давање помош при одржувањето на редот на кошаркарскиот натпревар,
- Да оствари соработка со Министерството за внатрешни работи заради постапување по насоките кои се однесуваат на обезбедување на јавниот ред и мир на кошаркарскиот натпревар,
- Да обезбеди пред спортскиот објект раздвојување и упатување на противничките групи навивачи кон посебните влезови,
- Да обезбеди одвојување на домашните и гостинските навивачи во гледалиштето,
- Да пушти во продажба влезници во зависност од капацитетот на спортскиот објект,
- Да обезбеди на денот на одржувањето на кошаркарскиот натпревар продажбата на влезниците да се врши на посебни продажни места надвор од спортскиот објект,
- Да обезбеди техничка опрема за следење и снимање на однесувањето на гледачите,
- Да обезбеди просторија за укажување итна медицинска помош,
- Да обезбеди простор за безбедно сместување на превозните средства на гостинскиот клуб,
- Да ги преземе сите потребни мерки за домашниот клуб и неговите навивачи да не бидат причина за предизвикување насилство и недостојно однесување на спортскиот натпревар,
- Да оствари координација со Министерството за внатрешни работи пред да ги пушти влезниците во продажба ,
- Да обезбеди контролирана продажба на влезници со увид во документ за лична идентификација со можност едно лице да купи најмногу до пет влезници,

- Да води евиденција за продадени и отстапени влезници, која особено содржи реден број, датум на продажба, име и презиме, назив на спортски клуб, адреса на живеење односно престојување, трибина, блок, ред и седиште,
- Да не дозволи влез на организирани навивачи од гостински спортски клуб за кои не бил претходно известен 72 часа пред почеток на кошаркарскиот натпревар,
- Да дозволи влез на навивачи од гостински спортски клуб за кои бил претходно уредно известен 72 часа пред почеток на натправарот согласно Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари и да ги смести во делот на гледалиштето определен за гостински навивачи.

Кај кошаркарскиот натпревар со зголемен ризик, за контрола на влез, преглед на гледачи, физичко обезбедување и внатрешно обезбедување на спортскиот објект, организаторот на спортскиот натпревар е должен да ги користи услугите на правните лица кои вршат приватно обезбедување.

## Должности на гостинскиот клуб на кошаркарскиот натпревар со зголемен ризик

- Да го извести организаторот на кошаркарскиот натпревар за организираното доаѓање на неговите навивачи, како и за сите елементи битни за клубот и неговите навивачи, најдоцна 72 часа пред почетокот на кошаркарскиот натпревар,
- Да ја утврди маршутата на движење на неговите навивачи, за кои претходно го известил организаторот на кошаркарскиот натпревар во координација со Министерството за внатрешни работи,
- Да одреди редари и одговорно лице од клубот кои ќе патуваат заедно со неговите навивачи за кои претходно го известил организаторот на кошаркарскиот натпревар и го задолжи одговорното лице да го информира Министерството за внатрешни работи за текот на организираното патување и пристигнување на навивачите,
- Да води евиденција за отстапени влезници од организаторот на кошаркарскиот натпревар со податоци содржани во евиденцијата кои треба да содржат реден број, датум на продажба, име и презиме, назив на клубот, адреса на живеење, претстојување, трибина, блок, ред и седиште согласно Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари,
- Да преземе и други потребни мерки за клубот и неговите навивачи да не бидат причина за предизвикување на насилство и недостојно да се однесуваат на кошаркарскиот натпревар.

## Министерство за внатрешни работи

- Министерството за внатрешни работи за време на одржувањето на кошаркарските натпревари со зголемен ризик ги презема сите потребни мерки за спречување на насилство и недостојно однесување на сите учесници.

- Министерството за внатрешни работи најмалку 24 часа пред почетокот на кошаркарскиот натпревар со зголемен ризик, врши увид во смисла дали организаторот ги презел потребните мерки кои се однесуваат за спречување насилство и недостојно однесување на учесниците и доколку записнички констатира одредени недостатоци на организаторот му дава насоки за нивно отстранување.

- Министерот за внатрешни работи ја пропишува формата и начинот на водење на евиденцијата за лица на кои им е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари и на евиденцијата за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

- Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот ги пропишува формата и начинот на водење на евиденцијата што ја води организаторот на спортскиот натпревар за продадени и отстапени влезници и на евиденцијата што ја води гостинскиот навивачки клуб за отстапени влезници од организаторот на спортскиот натпревар.

## Прекршочни одредби од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари

1. Глоба во износ од 500 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, доколку постапи во спротивност со следниве одредби:

- Поседување, или конзумирање на алкохолни пијалаци, или опојни дроги, поседување на пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди, или за предизвикување на насилство од страна на лица кои доаѓаат на кошаркарските натпревари, во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржувањето на кошаркарскиот натпревар;
- Внесување и употреба во спортските објекти на алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди, или за предизвикување на насилство.

2. Глоба во износ од 550 до 750 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, доколку постапи во спротивност со следните одредби:

- Внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак, или други обележја, како и пеење на песни, или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза, или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност, или врз основа на други особини;
- Фрлање предмети на кошаркарскиот терен, или во гледалиштето;
- Палење и фрлање на пиротехнички средства;
- Палење на навивачките реквизити, знамиња на други држави, знамиња на клубови и други предмети;
- Повикување, поттикнување и учествување во тепачка, или физички напад на играчи, гледачи, редари, службени лица, организатори на натпреварот и други учесници на кошаркарските натпревари;
- Физичка пресметка меѓу учесниците на кошаркарските натпревари;
- Недозволено влегување во кошаркарскиот терен од страна на гледачите;
- Оштетување, или уништување на спортскиот инвентар и други делови од спортскиот објект, како и на превозните средства во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржување на кошаркарскиот натпревар;
- Недозволено влегување во делот на гледалиштето на објектот за спорт кој е наменет за противничките навивачи;
- Престојување, или задржување на навивачи во делот на гледалиштето за кое не поседуваат влезница, или пропусница која ја издава организаторот на натпреварот,
- Недозволено влегување на навивачи во објектите кои се во функција на вршење на спортските активности.

3. Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на физичкото лице доколку:

- Поседува, внесе, конзумира, или употреби алкохолни пијалаци, или опојни дроги, поседува пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди, или за предизвикување на насилство од негова страна на лица кои доаѓаат на кошаркарските натпревари, во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржувањето на кошаркарскиот натпревар.

4. Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противврденост ќе му се изрече за прекршок на физичко лице на кое му изречена прекршочна санкција, забрана за влез и присуство на спортски натпревари, а најдоцна два часа пред

почетокот на спортскиот натпревар не дошол и не останал во надлежната полициска станица според местото на живеење, или престојување за време на спортскиот натпревар и еден час по завршување на спортскиот натпревар.

5. За прекршоците од точка 1 и 2, а во врска со:

- Поседување, или конзумирање на алкохолни пијалаци, или опојни droги, поседување на пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди, или за предизвикување на насилство од страна на лица кои доаѓаат на кошаркарските натпревари, во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржувањето на кошаркарскиот натпревар;
- Внесување и употреба во спортските објекти на алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди, или за предизвикување на насилство;
- Внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак, или други обележја, како и пеење на песни, или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза, или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност, или врз основа на други особини;
- Фрлање предмети на кошаркарскиот терен, или во гледалиштето;
- Палење и фрлање на пиротехнички средства;
- Палење на навивачките реквизити, знамиња на други држави, знамиња на клубови и други предмети;
- Повикување, поттикнување и учествување во тепачка, или физички напад на играчи, гледачи, редари, службени лица, организатори на натпреварот и други учесници на кошаркарските натпревари;
- Физичка пресметка меѓу учесниците на кошаркарските натпревари;
- Недозволено влегување во кошаркарскиот терен од страна на гледачите;
- Оштетување, или уништување на спортскиот инвентар и други делови од спортскиот објект, како и на превозните средства во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржување на кошаркарскиот натпревар,

надлежниот суд на физичкото лице може да му изрече и прекршочна санкција забрана за влез и присуство на спортски натпревари во траење најмногу до три години.

6. Надлежниот суд за правосилната одлука со која е изречена прекршочна санкција, забрана за влез и присуство на спортски натпревари го известува подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка и националните спортски федерации.

7. Националните спортски федерации за точка 6 се должни да го известат организаторот на спортскиот натпревар за лицата на кои им е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на спортски натпревари, како и спортскиот клуб доколку тие лица се негови регистрирани навивачи.

8. Организаторот на спортскиот натпревар, или договорниот дистрибутер за продажба на влезници ќе одбијат да продадат, или отстапат влезница за одреден натпревар на лице на кое му е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на спортски натпревари.

9. Организаторот на спортскиот натпревар е должен да ги преземе сите мерки за оневозможување на пристап во спортскиот објект на лице за кое знае, или е должен да знае дека му е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на спортски натпревари.

10. Во случај кога на лицето на кое му е изречена прекршочна санкција, забрана за влез и присуство на спортски натпревари, поради здравствени причини, професионални обврски, или други оправдани причини, кои не трпат одложување и не е во можност да дојде и остане во надлежната полициска станица најдоцна два часа пред почетокот на спортскиот натпревар, должно е да ја извести надлежната полициска станица според местото на живеење, или престојување за адресата на која ќе се наоѓа во временскиот период кога ќе се игра натпреварот. Министерството за внатрешни работи проверува дали лицето се наоѓа на таа адреса, а во случај кога лицето нема да се јави во надлежната полициска станица, Министерството за внатрешни работи, во рамките на своите овластувања ќе ги преземе сите неопходни мерки и дејствија за негово пронаоѓање, со цел извршување на изречената прекршочна санкција.

11. За лицата на кои им е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите спортски натпревари Министерството за внатрешни работи води евиденција. Во евиденцијата се собираат, обработуваат и чуваат следните лични податоци: реден број, датум на евидентирање, име и презиме на сторителот на прекршокот, датум и место на раѓање, живеалиште, односно престојувалиште, вид на прекршокот, број и датум на правосилна одлука со која е изречена прекршочната санкција, за кои спортски натпревари се однесува забраната, времетраење на забраната за влез и присуство на спортски натпревари и припадност на навивачка група. Личните податоци се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

12. Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на организаторот на спортскиот натпревар, ако:

- Не преземе мерки за сузбивање и спречување на насилство и недостојно однесување на спортскиот натпревар, при тоа непроценувајќи ја можноста за случување на насилство и недостојно однесување на спортскиот натпревар и непреземајќи соодветни мерки за нивно сузбивање и спречување, пропишани со Законот за спречување на насилство и недолично однесување на спортските терени, или со друг закон.
- Не соработува со надлежните органи во проценката на опасноста од насилство и недостојно однесување при преземањето на потребните мерки за нивно сузбивање и спречување е должен, како и не соработува со полицијата и другите надлежни органи.
- Не обезбеди, а знаејќи дека е должен доволен број редари на спортскиот натпревар, зависно од видот на спортот и нивото на спортскиот натпревар, видот на спортскиот објект, очекуваниот број на гледачи и процената за опасност од насилство и недостојно однесување на спортскиот натпревар.
- Редарите не постапат согласно нивните овластувања;
- Не соработува со Министерството за внатрешни работи и не обезбеди присуство на служба за медицинска помош и на други надлежни органи и организации и јавни служби;
- Не постапи согласно должностите кои ги има клубот организаторот на кошаркарскиот натпревар со зголемен ризик,
- Не постапи согласно точките 6, 7, 8 и 9.

13. Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице на организаторот (Комесарот за безбедност) за прекршокот од точка 12.

14. Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече на организаторот на спортскиот натпревар ако не постапи согласно со насоките на Министерството за внатрешни работи и не ги отстрани констатираните недостатоци.

15. Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на надлежната национална спортска федерација доколку не го пријави напреварот на кој се очекува присуство на навивачи на гостинскиот клуб.

16. Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на националната спортска федерација доколку не го извести организаторот на спортскиот натпревар и спортскиот клуб за лицата на кои им е изречена прекршочната санкција забрана за влез и присуство на сите, или на одредени спортски натпревари, како и клубот доколку тие лица се негови регистрирани навивачи.

17. Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во националната спортска федерација за прекршоците согласно точките 15 и 16.

18. Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противредност ќе се изрече за прекршок на гостинскиот спортски клуб, ако во рок од 72 часа не ја извести надлежната национална спортска федерација и организаторот на спортскиот натпревар и не ги преземе потребните мерки согласно неговите должности.

19. Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице на спортскиот клуб за прекршокот согласно точката 18.

20. За прекршоците утврдени со точките 1, 2, 3, 4, 5, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19, униформираниот полициски службеник на Министерството за внатрешни работи е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

21. Униформираните полициските службеници се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози согласно точката 20 и за исходот на покренатите постапки.

22. Во евиденцијата се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката. Личните податоци се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

23. Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за внатрешни работи.

24. За сите прекршоци предвидени со овој закон прекршочната постапка ја води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

25. Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

## Прекршоци и казни од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги

1. Непријавување на Комесар за безбедност, 4.000 денари.

2. Неисполнување обврски од Комесар за безбедност, 4.000 денари.

3. Слаба редарска служба, 4.000 денари.

4. Слаба организација во целост, по констатација на Делегатот на натпреварот, или Комесарот за натпреварување, 8.000 денари.

5. Пушење, конзумирање на алхохолни пијалоци, или опојни droги во сала, 3.000 денари.

6. Фрлање меки предмети на терен, а публиката е опоменувана (ролни хартија, ситна хартија, кеси и сл.), 4.000 денари.

7. Фрлање на тврди предмети кои може да причинат повреда (запалки, метални пари, пенкала, пластички шишиња и сл.), 24.000 денари.

8. Фрлање на тврди предмети кои може да причинат повреди опасни по живот (стаклени шишиња, камења, столици, летви и слично), 32.000 денари.

9. Плукање на играчи и службени лица од страна на гледачите, 24.000 денари.

10. Неспортско однесување, или навивање на гледачите со навреди кон службените лица (судии и делегати), играчи, противничката екипа и нејзините службени лица на, 8.000 денари.

11. Неспортско однесување, или навивање на гледачите со навреди кон институции, КФСМ и друго, 10.000 денари.

12. Неспортско однесување и навивање на гледачите со навреди на национална, верска и расна основа, како и истакнување на пароли и транспаренти со навредлива неспортска, верска и национална содржина, 16.000 денари.

13. Неспортското навивање согласно точките 10 и 11 продолжува и истото предизвикува прекин подолг од 5 минути со отстранување на публиката од сала.

14. Доколку салата нема можности и услови да се испразни, натпреварот ќе биде прекинат и ќе продолжи за 24 часа без присуство на гледачи од моментот на прекинот со време, резултат и сите податоци од записникот. Парична казна од 32.000 денари и настап без публика на домашен терен на два (2) натпревари.

15. Ако паролите и/или транспарентите согласно точка 12 остануваат во текот на целиот натпревар, парична казна од 32.000 денари и настап без публика на домашен терен на еден (1) натпревар.

16. Доколку на теренот се фрлаат предмети и истите причинат повреда на играчи, тренери, службени лица, натпреварот се прекинува без опомена. Доколку салата нема можности и услови да се испразни, натпреварот ќе биде прекинат и ќе продолжи за 24 часа без присуство на гледачи од моментот на прекинот со време, резултат и сите податоци од записникот. Парична казна од 64.000 денари и настап без публика на домашен терен на два (2) натпревари.

17. Фрлање на терен, или во публика петарди, чадни бомби, или други експлозивни предмети кои предизвикуваат слаба видливост, метеж, или неподносливи услови за гледање и натпревар. На терен 16.000 денари, а на трибина 10.000 денари.

18. Доколку слабата видливост и чадот создава проблеми и неможност да се продолжи со натпреварот (гледачите се веќе опоменати и тие продолжуваат со пиротехниката) и натпреварот е во прекин повеќе од 5 минути. Парична казна од 20.000 денари и настап без публика на домашен терен на еден (1) натпревар.

19. Влегување, или пречење на терен на неслужбени лица пред, за време (можно празнење на сала) и по завршување на натпреварот, парична казна од 16.000 денари и настап без публика на домашен терен на еден (1) натпревар.

20. Влегување, или обид за влегување во соблекувални на официјални лица од од претставник на клуб (тренер, службен претставник, технички раководител и др...), парична казна од 20.000 денари.

21. Во случај на агресивност на овие лица (тренер, службен претставник, технички раководител и др...), кои се обидуваат физички да се пресметаат со претставници на противничката екипа, службени лица и други на теренот, околу теренот, пристапни ходници, службени простории и надвор од сала (пред влезот на салата, паркинг каде што е паркирано возилото на официјалните лица), парична казна од 20.000 денари и настап без публика на домашен терен на два (2) натпревари.

22. Доколку е остварен физички напад над противничката екипа (играчи), службени лица и други на теренот, околу теренот, пристапни ходници, службени простории за време на одигрување на натпреварот, при што натпреварот е прекинат пред истекот на времето за игра, парична казна од 48.000 денари и настап без публика на домашен терен на три (3) натпревари,

23. Доколку е остварен физички напад врз службено лице по завршетокот на натпреварот и истиот настан е пријавен до делегатот на натпреварот, парична казна од 48.000 денари и настап без публика на домашен терен на три (3) натпревари.

24. Исклучување на играч, тренер и помошник на тренерот од натпревар и службен претставник кој се заканува, навредува и се однесува неспортски, повлекува автоматска суспензија до изрекување на казна, со забрана за настап најмалку на следниот натпревар, како и парична казна од 24.000 денари, или забрана за настап, или вршење на должност на два (2) натправари.

25. Неспортско однесување, поднесена пријава од службените лица, или констатирано од ТВ пренос, видео снимка или присуство на натпреварот од страна на Комесарот за натпреварување, парична казна од 32.000 денари и забрана за настап, или вршење на должност на еден (1) натпревар.

26. Неспортско однесување, со обид за физички напад над противнички играч, службено лице на клуб, или службени лица на натпреварот (делегат, судии и помошни судии) пред, за време и по завршување на натпреварот, парична казна од 25.000 денари и забрана за настап, или вршење на должност на еден (1) натпревар.

27. За међусебно физичко пресметување међу противнички играчи, удирање пртивнички играч пред, за време и по завршување на натпреварот,

иницијаторот/рите на инцидентот ќе бидат казнети со парична казна од 50.000 денари и забрана за настап, или вршење на должност на два (2) натправари. Учесникот/ците во инцидентот ќе бидат казнети со парична казна од 25.000 денари и забрана за настап, или вршење на должност на еден (1) натпревар.

28. Остварен физички напад врз противнички играч, службено лице на клуб пред, за време и по завршување на натпреварот Парична казна од 50.000 денари и забрана за настап, или вршење на должност на два (2) натпревара.

29. Остварен физички напад врз службени лица (судии, делегат и помошни судии), парична казна 80.000 денари и забрана за настап, или вршење на должност во траење од 12 месеци.

За тешки прекршоци на играчите, тренерите, службените лица на клубовите и службените лица на натпреварите се изрекуваат казни и од одредбите на Дисциплинскиот правилник на КФСМ.



**Напомена:** Доколку клубовите и службените лица не се придржуваат и не постапуваат согласно одредбите од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на кошаркарските натпревари на РСМ, актите на КФСМ, МВР и КФСМ согласно нивните овластувања ќе ги применат прекршочните одредби од законот, односно Пропозициите за натпреварување и Дисциплинскиот правилник на КФСМ.

Комесар за натпреварување,

Александар Милојевиќ